До:

Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „25 Мај“
улица Петар Манџуков бб, Скопје
(имател на информацијата)

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение
Institucioni publik i kujdesit të fëmijëve me probleme edukativo-sociale dhe sjellje devijante
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено E pranuar	18.08.2021		
Орг. Един. Nj. org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlera
03	43654	-	-

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

Бараните информации произлегуваат согласно обврските предвидени за вашата институција со Законот за правда за децата, Законот за кривичната постапка, Кривичниот законик, како и со Оперативниот план за спроведување на националната стратегија за превенција на детско престапништво за периодот 2018, 2019 и 2020 година, од Националната стратегија за превенција на детско престапништво Дополнително, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имател на овие информации е вашата институција.

Ве молиме да ни ги доставите следниве документи и информации:

1. Колку средства се побарани од страна на вашата институција согласно со буџетска пресметка (буџетскобарање) за 2018, 2019 и 2020 година?
2. Колку средства имате добиено од Буџетот за 2018, 2019 и 2020 година?
3. Колку средства имате искористено од Буџетот за 2018, 2019 и 2020 година?
4. Дали имате соодветни интерни акти со кои се уредува буџетирањето на ставки поврзани со правда за децата и на кој начин се утврдуваат овие потеби? Доколку имате вакви акти, Ве молиме доставете ни копија.
5. Дали при определувањето на годишните активности и потребните средства за оваа намена користите експертска поддршка од надворешни експерти?
6. Доколку користите експертска поддршка, на кој начин и од кои извори се финансира учеството на експертот/тите?
7. Колку средства (вклучително финансиски средства и материјални средства со проценета парична вредност) имате добиено од страна на домашни донатори во 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години? Кои се најголемите три донатори?
8. Колку средства (вклучително финансиски средства и материјални средства со проценета парична вредност) имате добиено од страна на меѓународни донатори во 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години? Кои се најголемите три донатори?
9. Колку средства (вклучително финансиски средства и материјални средства со проценета парична вредност) имате добиено од страна на приватни субјекти (трговски друштва) во 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години? Кои се најголемите три донатори?
10. На кој начин водите евиденција за добиени донации и на кој начин истите ги прикажувате во вашиот буџет и завршна сметка?
11. Дали за активностите за кои имате добиено донација имате учествувано и со сопствени средства (кофинансирање) и во колкав износ по години одделно за 2018, 2019 и 2020 година?

12. Дали активностите за кои имате добиено донација, е предвидено во вашите планови за работа да се спроведуваат и во иднина и да се финансираат со сопствени средства?
13. Согласно со предвидените активности, кои се приоритетни активности за кои ви се потребни донации и кој е проценетиот износ на средства за овие донации?
14. Дали ваши вработени имаат учествувано на обуки поврзани со спроведување на Закон за правда за децата во 2018, 2019, 2020 и 2021 година, кој ги финансирал обуките, и доколку истите се на трошок на вашата институција колкав износ е потрошен?
15. Колку средства имате потрошено за следните потреби на децата под ваша надлежност за 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години:
    - Здравствени потребни на децата сместени во вашата институција
    - Образовни потреби на децата сместени во вашата институција
    - Слободни активности на децата сместени во вашата институција
16. На кој начин ги планирате јавните набавки вклучени во планот за јавни набавки?
17. Доколк упланот за јавни набавки е променет во текот на годината, од кои причини се направени овие промени?
18. Колку места согласно со актот за систематизација не се пополнети во 2020 година, и кои се тие места?

Ве молиме доставете ни во хартиена или електронска форма:

- Буџетски барања за 2018, 2019 и 2020 година на ниво на потставка.
- Одобрен буџет за 2018, 2019 и 2020 година на ниво на потставка.
- Образец К1 за последниот квартал за 2018, 2019 и 2020 година на ниво на потставка.
- Завршна сметка за сите сметки за 2018, 2019 и 2020 година
- План за јавни набавки за 2018, 2019 и 2020 година со сите измени и дополнувања
- Склучени договори за јавни набавки во 2018, 2019 и 2020 година.
- Важечки акт за систематизација
- Годишна програма за работа или годишен план на активности за 2018, 2019 и 2020 година
- Годишен извештај за работа за 2018, 2019 и 2020 година.
- Годишен извештај за спроведување на Законот за правда за децата за 2018, 2019 и 2020 година и годишен извештај за примена на мерките за помош и заштита

Ве молиме бараните документи и информации да ни ги доставете во електронска форма на следната електронска пошта:

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго----------
(се наведува бараната форма, со заокружување)